**ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ НА СИЛА НА ПРАВИЛАТА _26.7.2023.**

# ПРАВИЛА ЗА ПРОМОТИВНА ПРОДАЖБА
# "ПРЕТПРОДАЖБА НА SAMSUNG GALAXY Z FOLD5 и Z FLIP5"

Пред да купите уред, Ве молиме запознајте се со правилата на оваа промоција (во натамошниот текст: **„Правила"**).

## 1. Организатор на промотивната продажба (промоција)

Самсунг Електроникс Австрија ГМБХ, Пратерстрасе 31/14 Обергешос, Виена Австрија и матичен број FN 217924b (во понатамошниот текст: **Samsung**), организира промотивна продажба (во понатамошниот текст: Промоција) на уредите Samsung Galaxy Z Fold5 и Z Flip5 (во понатамошниот текст: Уред и/или Уредите).

## 2. Времетраење на промоцијата, испорака и подарок

Времетраењето на промоцијата е од 26.07.2023 до 01.08.2023 година. Предметната промоција се однесува на уредите Samsung Galaxy Z Fold5 12/512* i Z Flip5 8/512**.

Предметната промоција е достапна за купувачите на Уредите на територијата на Република Северна Македонија во согласност со одредбите на овие Правила.

* 12 GB RAM меморија i 512 GB меморија за складирање

** 8 GB RAM меморија i 512 GB меморија за складирање

## 3. Поволности (бенефити)

Доколку се исполнети сите услови наведени во овие Правила, купувачот на Уредот остварува право да купи Уред со двојно поголема меморија за складирање податоци по цена од основниот модел на Уредот, така што:

- остварува право да купи Samsung Galaxy Z Fold5 12/512 по цена на Samsung Galaxy Z Fold5 12/256 (основен модел), односно
- остварува право да купи Samsung Galaxy Z Flip5 8/512 по цена на Samsung Galaxy Z Flip5 8/256 (основен модел).

## 4. Услови на купување за да се остварат поволностите од точка 3 од овие Правила

Купувањето на Уредот може да се изврши кај продажните партнери на Samsung наведени во точка 6 од овие Правила, под следните кумулативни услови:

- **а.** Корисникот да го купи Уредот во периодот на времетраењето на промоцијата;
- **б.** Уредот да го купи на веб-страницата или во малопродажниот објект кај овластен продажен партнер на Samsung на територијата на Република Северна Македонија; Списокот на овластени партнери е дефиниран во точка 6 од овие Правила;
- **в.** Уредот да го купи во својство на краен корисник; Крајни корисници се физички и правни лица од територијата на Република Северна Македонија кои го купуваат Уредот за свои потреби, а не за потребите за понатамошна препродажба или дистрибуција;

## 5. Преземање на Уредот

Сите корисници кои ќе купат Уред во периодот на претпродажба (промоцијата) ќе можат да го подигнат кај продажниот партнер на Samsung, почнувајќи од 3.8.2023 година.

Редовната продажба на Уредите започнува на 11.8.2023 година

**6. Список на овластени продажни партнери на Samsung**

- Македонски Телеком АД Скопје,
- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
- Нептун Македонија д.о.о. Скопје,
- Сетек сѐ од техника д.о.о.е.л. ,
- Техномаркет Македонија ДООЕЛ – Скопје,
- ПТД Анхоч ДООЕЛ
- Комтрејд Дистрибуција ДООЕЛ Скопје

**7. Право на измена на Правилата за промоцијата**

Samsung го задржува правото во било кое време, од оправдани причини, да ги менува овие Правила, со должност истите, без одлагања, јавно да ги објави.

Овие правила се објавени на ден 26.07.2023 година на веб-страната https://www.samsung.com/mk/offer/preorder-galaxy-z-fold5-z-flip5/ од кога и се применуваат.

**8. Лични податоци на корисникот**

За целите на спроведувањето на оваа Промоција, Samsung не собира или обработува лични податоци на корисникот.

Контакт во однос на предметната промоција:

Јавете ни се +389 2 320 7777

Поддршка за сите производи | пон-пет | 9:00 до 18:00